РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
13-09-2022
11-111/1
921

До
ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој,јавни дејности и информатичка технологија,
Советник за култура во Општина Битола

# Б А Р А Њ Е
за пристап до информации од јавен карактер

Од

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019 од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер :

**Регистар на прифатени апликации за реализација на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022 со износи во денари колку е побарано и колку е одобрено од страна комисијата.**

Истото да биде фотокопирано и испратено на мојот е-маил

Со почит,
13.09.2022
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Борче Груевски
Одделение за јавни дејности

Бр.11-111/2
14.09.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-111/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

Примил
14.09.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-09-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-111/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Цветанка Ристевска
Одделение за административни и општи работи

Бр. 41- 270
15.09.2022

**Предмет: Доставување на одговор на поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Во прилог Ви доставувам одговор на барањето со број 11-111/1 поднесено на ден 13.09.2022 година од страна на Во прилог Ви доставувам фотокопија од Регистар на прифатени апликации за реализација на официјалната програма на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022.

Ви благодариме однапред

Со почит,

Груевски Борче,

Помлад соработник за културни манифестации и туризам
тел: 076/790-611

м-р Виолета Налевска

Раководител на Одделение за Јавни дејности

ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Бр.08 –548/178 од 16.06.2022 год.

## Регистар на прифатени апликации за реализација на официјалната програма на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022

Врз основа на решението од градоначалникот на општина Битола, Тони Коњановски, со број 08-548/2 од 25.05.2022 година, на ден 09.06.2022 година, извршена е административна проверка од страна на комисијата за административна проверка во состав: Борче Груевски, помлад соработник за култура, Лорета Цуцулеска, виш соработник и Цветанка Ристевска, раководител на одделение за админстративни и општи работи, по што констатирано е дека во дел од пристигнатите апликации, недостасува документација, согласно предвиденото во јавниот повик со број 08-548/3 од 25.05.2022 година. Комисијата за административна проверка достави известување по електронска порака до сите апликанти кои имаа некомплетна документација, со цел достава на потребната документација најдоцна до 15.06.2022 до 15:00 часот.

После комплетирањето на документите и завршувањето на административната проверка, апликациите со комплетна документација во прилог дадени се на квалитативна евалуација и селекција од страна на формираната комисија за таа цел, во состав: м-р Елена Ѓоргиева, пијанист и педагог, Димитар Солаковски, дипломиран ликовен уметник, Васко Мавровски, дипломиран актер и уметник и Лили Бошевска, директор на ЈОУ КИЦ Битола и Викторија Христовска, дипломиран економист.

Комисијата, на ден 16.06.2022 година, достави предлог до градоначалникот на општина Битола, следните настани да бидат дел од официјалната програма на БИТ ФЕСТ 2022, со следниот буџет:

1. **Концерт на Каролина Гочева – Свечено отворање на БИТ ФЕСТ 2022,** по доставена покана од комисијата. Настанот да се реализира во коорганизација со КИЦ – Битола. **Одобрени средства од општина Битола во нето износ од 615.000 денари. Продажбата на карти се реализира од страна на КИЦ Битола, со исплата на 35% од продадените карти на изведувачот и 65% за КИЦ Битола.**
2. Јулијана Мирчевска – Водител на манифестацијата „Свечено отворање на БИТ ФЕСТ 2022“ и Прием на Донација од Франција. **Комисијата одобри нето износ од 8.000 денари.**
3. **„Балкан гала фестивал “** – Подносител **Мјузик Арт Битола**. Вкупен буџет на проектот 3.000 000 денари. Побарано од Општина Битола 600.000 денари. **Комисијата одобри нето износ 600.000 денари.**
4. **„Концерт на Марко Виденовиќ - септет “** – Подносител **Марко Виденовиќ**. Вкупен буџет на проектот 190.500 денари. Побарано од Општина Битола 190.500 денари. **Комисијата одобри нето износ од 115.000 денари.**
5. **„Летно ноктурно со виолончело и клавир“** – Подносител **Сара Једличкова и Камил Ел Ахмади**. Вкупен буџет на проектот 20.000 денари. Побарано од Општина Битола 20.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 20.000 денари, ноќевање со доручек за две лица и превоз на релација Охрид – Битола.**

6. **„Џез вечер со Клод Болинг "** – Подносител **Зоран Павлоски**. Вкупен буџет на проектот 66.000 денари. Побарано од Општина Битола 66.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 40.000 денари.**
7. **„Пајнца Фест "** – Подносител **Зоран Ицаноски**. Вкупен буџет на проектот 120.000 денари. Побарано од Општина Битола 120.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
8. **„Незаборав 2022"** – Подносител **Панде Димитровски**. Вкупен буџет на проектот 450.000 денари. Побарано од Општина Битола 360.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 200.000 денари.**
9. **„Љубов и светлина "** – Подносител **Александра Ристевска**. Вкупен буџет на проектот 60.000 денари. Побарано од Општина Битола 60.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 30.000 денари.**
10. **„Барокна инспирација "** – Подносител **Марко Поп Ристов**. Вкупен буџет на проектот 51.000 денари. Побарано од Општина Битола 51.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 45.000 денари.**
11. **„Рецитал на Давор Нeќак и Горјана Стојановска "** – Подносител **Давор Нeќак**. Вкупен буџет на проектот 163.666 денари. Побарано од Општина Битола 163.666 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
12. **„Електронски музички фестивал - Дј"** – Подносител **Регионален младински форум Битола**. Вкупен буџет на проектот 177.000 денари. Побарано од Општина Битола 177.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 120.000 денари.**
13. **„Туркуаз "** – Подносител **Ценгис Ибраим**. Вкупен буџет на проектот 84.500 денари. Побарано од Општина Битола 84.500 денари. **Комисијата одобри нето износ од 50.000.**
14. **„Солстис "** – Подносител **ЗГ Француска алијанса**. Вкупен буџет на проектот 300.000 денари. Побарано од Општина Битола 300.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 150.000.**
15. **„Концерт на група Мизар"** – Подносител ЗГ Аманет - добра мисла. Вкупен буџет на проектот 450.000 денари. Побарано од Општина Битола 360.000 денари.**Комисијата одобри нето износ од 210.000 денари.**
16. **„Музиката раскажува приказни "** – Подносител **Татјана Божиновска**. Вкупен буџет на проектот 66.000 денари. Побарано од Општина Битола 66.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 30.000 денари.**
17. **„Високо под звездите "** – Подносител **ПСК Олимпус**. Вкупен буџет на проектот 157.000 денари. Побарано од Општина Битола 120.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 100.000 денари.**
18. Наслов на проектот: **„Фестивал на електронска музика СМОТРА 10"**. Подносител ЗГ КУД Асоцијација 615. Вкупен буџет на проектот 145.000 денари. Побарани од општина Битола 72.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
19. Наслов на проектот: **„Песни на балканските народи во хорски аранжмани"**. Област: музичка и музичко – сценска уметност. Подносител Камерен оркестар „Одјек". Вкупен буџет на проектот 51.000 денари. Побарани од општина Битола 51.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 45.000 денари.**
20. Наслов на проектот **„Концерт за кларинет, глас и пијано"**. Област: музика и музичко сценска уметност. Подносител Ристо Ѓоревски. Вкупен буџет на

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

проектот 93.000 денари. Побарани од општина Битола 93.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 70.000 денари.**

21. Наслов на проектот **„Хорски концерт“**. Област: музика и музичко сценска уметност. Подносител Сашо Татарчевски. Вкупен буџет на проектот 80.000 денари. Побарани од општина Битола 80.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 40.000 денари.**
22. Наслов на проектот **„Табула раса“:** музика и музичко сценска уметност. Подносител Владимир Костов (Фестивал на камерна музика Игнација). Вкупен буџет на проектот 157.000 денари. Побарани од општина Битола 157.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 110.000 денари.**
23. **„Локум фест“** – Подносител **ЗК Локум фест музика и традиција**. Вкупен буџет на проектот 465.000 денари. Побарано од Општина Битола 465.000 денари заедно со наведените барања во услуги.**Комисијата одобри нето износ од 200.000 денари.**
24. **„Изложба на слики - Исчезнување “** – Подносител **Владимир Илиевски**. Вкупен буџет на проектот 29.000 денари. Побарано од Општина Битола 29.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 25.000 денари.**
25. **„Годишна изложба “** – Подносител **ДЛУБ Битола**. Вкупен буџет на проектот 67.000 денари. Побарано од Општина Битола 67.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 40.000 денари.**
26. **„Македонски ликовни уметници-графички дела “** – Подносител **Владо Ѓорески**. Вкупен буџет на проектот 73.850 денари. Побарано од Општина Битола 73.850 денари. **Комисијата одобри нето износ од 50.000 денари.**
27. **„40 години творештво“** – Подносител **Драган Најденовски**. Вкупен буџет на проектот 80.000 денари. Побарано од Општина Битола 80.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
28. **„Еден друг круг – изложба на слики “** – Подносител **Роберт Михајловски**. Вкупен буџет на проектот 70.000 денари. Побарано од Општина Битола 70.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 30.000 денари.**
29. **„Крешчендо “** – Подносител **Владимир Симоновски**. Вкупен буџет на проектот 168.000 денари. Побарано од Општина Битола 168.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
30. **„Визуелна брошура за Битола “** – Подносител **ЗГ Сектор Битола**. Вкупен буџет на проектот 153.750 денари. Побарано од Општина Битола 153.750 денари. **Комисијата одобри нето износ од 153.750 денари.**
31. **„Недела на детски филмови“ – Подносител Друштво за филмска продукција Узенгија Дооел Скопје**. Вкупен буџет на проектот 206.000 денари. Побарано од Општина Битола 200.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 200.000 денари.**
32. **„Денови на SEE Film Festival“** Подносител Интернационален Универзитет ЕУРОПА ПРИМА Скопје. Област: фото, видео, филмска уметност. Вкупен буџет на проектот 207.000 денари. Побарано од општина Битола 180.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 90.000 денари.**
33. Наслов на проектот **„Детска куклена театарска работилница“ – офф програма на Битолино.** Област: театар. Подносител Марјан Георгиевски. Вкупен буџет на проектот 40.000 денари. Побарани од општина Битола 40.000 денари. **Комисијата одобри 20.000 денари.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

34. Наслов на проектот „**Народен непријател**“ – театарска претстава, на покана на комисијата. Побарано од општина Битола 142.800 денари. **Комисијата одобри нето износ од 142.800 денари.**
35. Наслов на проектот „**Концерт на битолската музичка група КОД 369**“ Област: музика и музичко сценска уметност. Подносител Ирена Димовска Митревска. Вкупен буџет на проектот 147.000 денари. Побарани од општина Битола 120.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 60.000 денари.**
36. Наслов на проектот **„Концерт на Битолскиот бенд ФАЦ“:** музика и музичко сценска уметност. Подносител Марјан Павловски. Вкупен буџет на проектот 67.000 денари. Побарани од општина Битола 60.000 денари. **Комисијата одобри нето износ од 40.000 денари.**
37. **Концерт на група „Меморија“,** на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е **нето износ од 615.000 денари.**
38. **Концерт на Ана и Игор Дурловски,** на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е **нето износ од 150.000 денари.**
39. **Вечер со Импров група НАСТАП,** на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е **нето износ од 80.000 денари.**
40. **Театарска претстава „Четири соби“** од театар Јордан Х.К.Цинот – Велес, на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е **нето износ од 61.500 денари.**
41. **Театарска претстава „Бубрегот“** – Тетовски театар, на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е **нето износ од 80.000 денари.**

**Прилог 1 Образложение од комисијата во врска со направената евалуација**

**Предлагач:**
**Комисија за евалуација**

м-р Елена Ѓоргиева, пијанист и педагог
Димитар Солаковски, дипломиран ликовен уметник
Васко Мавровски, дипломиран актер и уметник
Лили Бошевска, директор на КИЦ Битола
Викторија Христовска, дипломиран економист

**Одобрил**
**Градоначалник на општина Битола**
**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •

ОПШТИНА БИТОЛА

Бр. 08 – 548/181
12.08.2022

**Прва измена и дополнување на регистар на прифатени апликации за реализација на официјалната програма на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022 со број 08-548/178 од 16.06.2022**

Поради зголемените трошоци кои ќе следуваат за настап на групата „Меморија" на затворањето на Битолското културно лето во делот на организација, озвучување и реализација на концертниот настап, комисијата предлага да се изврши измена и дополнување на точка бр.37 од Регистар на прифатени апликации за реализација на официјалната програма на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022 со бр.08-548/178 од 16.06.2022, која гласи:

**37. Концерт на група „Меморија", на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е нето износ од 615.000 денари.**

Согласно измените, точката се предлага да гласи:

1. **Концерт на група „Меморија",** на покана на комисијата. За реализација на настанот одобрен е нето износ од **927.000 денари.** Исплатата да се изврши на ангажраните лица, односно:

1.1 **Ристо Самарџиев** со нето износ од 61.800 денари.
1.2 **Димитар Божиков** со нето износ од 61.800 денари.
1.3 **Апостол Икономов** со нето износ од 61.800 денари.
1.4 **Валентино Скендеровски** со нето износ од 61.800 денари.
1.5 **Давор Јордановски** со нето износ од 61.800 денари.
1.6 **Давор Тасев** со нето износ од 61.800 денари.
1.7 **Сашо Ангелов** со нето износ од 61.800 денари.
1.8 **Перо Георгиевски** со нето износ од 494.400 денари.

**Предлагач:**

**Комисија за евалуација**

М-р Елена Ѓоргиева, пијанист и педагог Е. Ѓоргиева
Димитар Солаковски, дипломиран ликовен уметник
Васко Мавровски, дипломиран актер и уметник
Лили Бошевска, директор на КИЦ Битола
Викторија Христовска, дипломиран економист

**Одобрил:**
**Градоначалник на општина Битола**
**Тони Коњановски**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-111/4
15.09.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **13.09.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од , по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Регистар на прифатени апликации за реализација на Битолското културно лето БИТ ФЕСТ 2022 со износи во денари колку е побарано и колку е одобрено од страна на комисијата **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-111/1
2. Допис до Борче Груевски – помлад соработник за културни манифестации и туризам со бр. 11-111/2 од 14.09.2022
3. Одговор од Борче Груевски – помлад соработник за културни манифестации и туризам со бр. 11-111/3 од 15.09.2022 со прилог документација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 15.09.2022 година, под бр. 11-111/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk